РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2418/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## III ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, април 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи да ги препознава, разликува и именува печатните кирилски букви;
- да се оспособи да чита и пишува кратки и долги зборови со печатни букви;
- да се оспособува да користи правилен редослед на буквите во зборот;
- да се оспособува да ги применува основните правила при читањето и пишувањето;
- да се оспособува да учествува во конверзација (вербална и невербална) преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да се оспособи за осознавање на реалноста преку читање и следење содржини од различни медиуми;
- да се оспособи да го осознава значењето на зборовите/поимите;
- да развива чувство на припадност кон својата заедница (училишна, семејна и др.);
- да се поттикнува со внимание да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да се оспособува за примена на ИКТ во функција на предметот.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (БУКВА-ЗБОР-ЗНАЧЕЊЕ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги научи сите букви од азбуката;<br>▸ да се запознае со редоследот на буквите во азбуката;<br>▸ да се оспособува да чита и да пишува кратки и долги зборови со големи печатни букви;<br>▸ да ги усвои големите печатни букви и правилниот редослед на нивното поврзување во зборови;<br>▸ да знае да го пишува своето име и презиме;<br>▸ да се оспособи да го открива значењето на зборовите;<br>▸ да знае да ги именува предметите и да ги поврзува со поимот кој се однесува на нив. | ▸ Азбука<br>▸ Графички симболи (големи печатни букви)<br>▸ Усвојување на големите печатни букви преку поединечно и групно пишување<br>▸ Пишување, читање и поврзување на големите печатни букви во збор<br>▸ Моето име и презиме<br>▸ Зборови од моето окружување<br>▸ Значење и артикулација на зборовите | ▸ Азбука<br>▸ Букви (големи печатни)<br>▸ Збор<br>▸ Читање<br>▸ Пишување<br>▸ Значење на зборот<br>▸ Моето име и презиме<br>▸ Именување | ▸ Вежби за кажување на буквите по азбучен ред.<br>▸ Вежби за препознавање и именување на буквите.<br>▸ Вежби за поединечно пишување на големите печатни букви по налог.<br>▸ Интерпретација на азбуката напамет.<br>▸ Вежби за читање на буквите и нивно поврзување во збор.<br>▸ Вежби за читање на кратки и долги зборови.<br>▸ Вежби за пишување на кратки и долги зборови.<br>▸ Вежби за правилно пишување и читање на сопственото име и презиме.<br>▸ Вежби за учење на значењето на зборот (поврзување: збор-слика, именување на слика, именување на предмет). |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК (ГРАМАТИКА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да научи правилно да ги изговара гласовите; | ▸ Гласови-изговор | ▸ Гласови | ▸ Вежби за правилен изговор на гласовите.<br>▸ Вежби: пеење на гласовите.<br>▸ Вежби: изговор на зборови со конкретни гласови (иницијално, медијално, финално). |
| ▸ да знае да ги разликува знаците/буквите кои се пишуваат на сличен начин; | ▸ Различни и слични букви | ▸ Букви: сличности, разлики | ▸ Вежби за разликување на знаците/буквите.<br>▸ Разликување на знаците со преклопување на провидни шаблони со јасно нагласување и увидување на сличностите.<br>▸ Вежби: замислено (звучно) и реално пишување на слични знаци на рапава површина. |
| ▸ да знае да ги разликува и правилно да ги изговара звучните гласови; | ▸ Звучни гласови | ▸ Звучни гласови<br>▸ Изговор | ▸ Вежби за правилен изговор на звучните гласови со коректура и повторување.<br>▸ Вежби за правилен изговор на звучните гласови со контрола (снимен изговор). |
| ▸ да научи да пишува зборчиња по налог, буква по буква; | ▸ Пишување буква по буква | ▸ Буква по буква | ▸ Пишување зборови, буква по буква по вербален налог и/или со покажување на буквите. |
| ▸ да научи да пишува зборчиња по налог, слог по слог. | ▸ Пишување слог по слог | ▸ Слог по слог | ▸ Пишување зборови, слог по слог по вербален налог и/или со покажување/обележување на слоговите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да научи да ја одржува линеацијата при пишувањето и читањето;<br>▸ да научи кога се започнува нов ред при пишувањето; | ▸ Пишување во редот<br>▸ Почнување нов ред | ▸ Во редот-напред<br>▸ Нов ред | ▸ Вежби за пишување и читање во ограничени линии на редот и/или со прекривање на останатиот простор.<br>▸ Вежби за развивање чувство и прецизност за отпочнување нов ред, со вербално насочување. |
| ▸ да го усвои правилото при пишувањето и читањете-во насока од лево кон десно. | ▸ Пишување и читање (во насока од лево кон десно) | ▸ Од лево кон десно | ▸ Вежби за пишување и читање со примена на правилото- во насока од лево кон десно.<br>▸ Игри со повлекување линии, редење коцки, возење автомобилчиња, редење мали фигури во определени отвори, црпење зрнест материјал од повеќе садови со лажица (во насока од лево кон десно). |

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: СЛИКОВНИЦА И ЛЕКТИРА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги разликува сликовниците и илустрираните лектири, според изгледот на насловната страница и насловот;<br>▸ да разликува сликовници од лектира;<br>▸ да прави разлика меѓу илустрации и текст;<br>▸ да знае да ја најде саканата сликовница/лектира според насловот; | ▸ Сликовници и лектири | ▸ Сликовници<br>▸ Лектири<br>▸ Насловна страна<br>▸ Наслов<br>▸ Илустрација<br>▸ Текст | ▸ Вежби за избор на посакувана сликовница/лектира, според наше сугерирано дејство (Каде е сликовницата со војната?, Каде е лектирата со двете деца?).<br>▸ Вежби за избор на сликовница/лектира, според читање на насловот (Насловната страна е покриена, напишан е само насловот).<br>▸ Вежби за издвојување на сликовниците од лектирите од заедничкиот куп.<br>▸ Вежби за разликување илустрација од текст со покажување. |
| ▸ да стекне вештина за држење правец на читањето (вртење страници) на лектира/сликовница- од лево кон десно;<br>▸ да усоврши читање буква по буква со покажување и без покажување;<br>▸ да усоврши читање зборчиња од лево кон десно; | ▸ Разгледување и читање | ▸ Вртење страна<br>▸ Разгледување<br>▸ Читање<br>▸ Буква по буква<br>▸ Лево →→ десно | ▸ Вежби за читање текст и вртење на страниците, од лево кон десно, по потреба со обележување со стрелки „→→→→→→→→”.<br>▸ Читање текст со покажување и без покажување на буквата и редот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да стекне претстава за секој поединечен лик од сликовниците/лектирите;<br>▸ да се оспособи за разликување добар од лош лик;<br>▸ да стекне вештина за имитација на ликовите; | ▸ Ликови од сликовниците и лектирите | ▸ Ликови (добар-лош)<br>▸ Имитација | ▸ Вежби за именување на одредени ликови по име и нивно покажување.<br>▸ Вежби за издвојување и покажување на добар и лош лик од сликовницата/лектирата, по можност со одговор на прашањето: Зошто?<br>▸ Имитација на лик, сам и во парови. |
| ▸ да стекне увид и претстава во дејството од содржината на сликовницата/лектирата со дефинирање на дејството според, времето, местото, кои ликови и што се случува во дејството...; | ▸ Што? Кога? Каде? Кој? Како?...се случува. | ▸ Што било?<br>▸ Кога било?<br>▸ Кој направил...?<br>▸ Каде направил...?<br>▸ Како го направил? | ▸ Вежби за приближување на содржината и дејството со разработување на прашањата (Што? Кога? Каде? Кој? Како?...) |
| ▸ да развие пријатни чувства и желба за листање и читање сликовница/лектира. | ▸ Си било... си било...... | ▸ Имитација и драматизација | ▸ Вежби |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да опишува, со краток опис, видени, доживеани настани, настани според слики;<br>▸ да се оспособува да опишува предмети, суштества, содржини од слики;<br>▸ да стекне чувство за хронологија на дејството;<br>▸ да се оспособува да известува за видена случка или настан;<br>▸ да се оспособи да имитира звуци и гласови, според настанот; | ▸ Опишување и раскажување | ▸ Краток опис на: предмети, суштества, слики и др.<br>▸ Потоа и понатаму<br>▸ Што се случи? | ▸ Вежби за спонтано кратко опишување на непосредни случки и настани.<br>▸ Вежби за опишување и раскажување според слики (до 5).<br>▸ Вежби за опишување на предмети, суштества и слики.<br>▸ Вежби за подредување на сликите по хронолошки редослед.<br>▸ Вежби за прераскажување на познати текстови од сликовници/лектири.<br>▸ Известување за непосредна случка и доживување со гестикулација и покажување, имитација. |
| ▸ да препишува правилно кратки и долги зборови; | ▸ Пишување, препишување, имитирање | ▸ Пишување<br>▸ Препишување<br>▸ Имитирање | ▸ Вежби за правилно препишување на кратки и долги зборови од кирилица.<br>▸ Вежби за имитација и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособи да имитира и прецртува букви во калиграфска форма;<br>▸ да пишува честитка, разгледница, картичка; | | ▸ „Убава буква”<br>▸ Честитка, разгледница, картичка за... | препишување на букви во калиграфска форма и нивно спојување во збор.<br>▸ Вежби за опишување низ цртеж на предмет, суштество, лик и др.<br>▸ Вежби за пишување на честитки, покани и разгледници. |
| ▸ да развива пријатно чувство и задоволство при драматизација, импровизација (сам и во парови);<br>▸ да стекне навика за обележување и празнување важни денови и празници. | ▸ Играње улоги<br>▸ Важни празници и значајни денови | ▸ Улоги<br>▸ Пар/парови<br>▸ Важни празници | ▸ Читање и играње улоги според дејство од сликовници и лектири.<br>▸ Обележување на важни денови и празници со нагласена автентичност на одбележувањето. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да следи радио и ТВ емисија за деца;<br>▸ да се оспособи да слуша и бара музика на ТВ;<br>▸ да се поттикнува да следи анимации и да го опишува и раскажува нивното дејство;<br>▸ да следи театарска и куклена претстава и да имитира од нивната содржина;<br>▸ да развие интерес за прелистување и читање на куси текстови од детски списанија;<br>▸ да се воведува во пребарување податоци од Интернет. | ▸ Радио и ТВ – емисии<br>▸ Музика<br>▸ Театар:<br>а) театарска претстава<br>б) куклена претстава<br>▸ Детски списанија<br>▸ Интернет | ▸ Радио и ТВ – емисии<br>▸ Музика<br>▸ Филм<br>▸ Театарска претстава<br>▸ Куклена претстава<br>▸ Детски списанија<br>▸ Интернет | ▸ Следење радио и ТВ - емисии за деца.<br>▸ Именување ликови од емисиите за деца.<br>▸ Следење анимации за деца и краток опис на дел од дејството во нив.<br>▸ Имитација/импровиза-ција на ликовите од анимациите.<br>▸ Следење театарска и куклена претстава и имитација на движењата во нив.<br>▸ Самостојно бирање на омилени списанија и прелистување/разгледува ње/читање на истите.<br>▸ Развивање интерес за истражување на пребарувачите за деца со аутизам на Интернет. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: *запознавање на околината, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование.*

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* - 216 часа годишно, 6 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага: ***Почетно читање и пишување (буква-збор-значење)***-ориентационо 80 часа; ***Јазик (граматика)***-ориентационо 60 часа; ***Сликовница и лектира***-ориентационо 25 часа; ***Изразување и творење*** – ориентационо 36 часа; ***Медиумска култура*** – ориентационо 15 часа.

1. Наставното подрачје *Почетно читање и пишување (буква-збор-значење)* може да има интегрирано планирање со предметите: запознавање на околината (преку употребата на сите појави, суштества, растенија и објекти кои се предмет на обуката за пишување и читање и учење на значењето на поимите); ликовно образование (преку сите графички елементи кои ученикот ги употребува при пишувањето, имитирањето и прецртувањето на буквите); физичко и здравствено образование (преку употребата на сите движења кои ученикот ги прави при графомоторната експресија во тек на пишувањето и препишувањето).

2. Наставното подрачје *Јазик (граматика)* може да има интегрирано планирање со запознавање на околината (преку елементите од природата кои се користат при изговорот и усвојувањето на граматичките форми); музичко образование (преку музичкото испејување на гласовите и нивната звучност и музичка обработка на гласовите и буквите); ликовно образование (задржување на линеацијата и употребата на ликовните форми при пишување и прецртување); физичко и здравствено образование (преку графомоторната активност при пишувањето).

3. Наставните подрачја *Сликовница и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура* интегрирано планирање може да имааат со предметот: запознавање на околината (преку елементите од околината и природата кои се употребуваат при обработката на дејствата од сликовниците и лектирите); математика (преку унапредување на бројот на сликите/анимациите кои се обработуваат); физичко и здравствено образование (преку физичките движења, активноста на грубата и фина мускулатура и гестикулациите при имитација при играње на улогите); ликовно образование (преку калиграфското исцртување).

Наставната програма по предметот ***македонски јазик*** за III одделение на учениците со аутизам им овозможува преод од основи во описменувањето кон повисоките текови на натамошното образование. Наставните содржини се надополнети/збогатени, активностите и методите-мултилатерално поставени, а целите кои треба да се реализираат се на повисоко ниво.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја опфатени во оваа наставна програма. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на наставата како и индивидуалните способности и интереси на учениците. Појдовна основа при планирањето треба да биде ученикот/ученичката, со аутизам (способноста и капацитетот), карактерот на апсолвацијата на наставната материја, а временскиот рок да зависи од тоа. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

- *Наставни средства*

  - Наставни средства, материјали, опрема, прибор и други дидактички елементи и средства кои се прифатливи за учениците, кои им го привлекуваат вниманието и будат интерес кај нив, а преку кои со манипулација со нив може во најголема мера да се постигнат предвидените цели и да се подобри психофизичкиот статус на учениците;
  - наставни средства направени и адаптирани од наставникот (шаблони, граничници, картон-пример, покажувачи...);
  - енциклопедии, речници, сликовници (музички и со текстури.. и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери (*Tool Kid, Zak brauzer* и др.);
  - списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
  - аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот -ЦД и др. литературни текстови, звучна читанка);
  - куклен параван;
  - други извори на учење во непосредната околина итн.

- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно и во кои наставникот внесува податоци за постигањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социо-емоционален и психомоторички аспект). *Евалвационите листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на ниво на трето одделение и не се преодни за повисокото одделение.*

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Согласно со природата на програмата по македонски јазик во трето одделение, за ученици со аутизам, проверувањето и описното оценување треба да се реализираат *усно, практично, преку презентација и вербални и невербални вежби, или сликовно-писмени вежби и со проверување на употребноста на она што е научено во импровизирана или реална средина .*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија- дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги препознава, разликува и именува печатните букви од азбуката;
- да се оспособи да чита и пишува кратки и долги зборови со печатни букви;
- да користи правилен ред на буквите во зборовите;
- да користи елементарен редослед при читањето и пишувањето;
- да учествува во конверзација (вербална и невербална) преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да бара начин за осознавање на реалноста преку читање и медиумско следење;
- да ги поврзува зборовите/поимите со нивното значење;
- чувствува припадност кон својата заедница (училишна, семејна..);
- да ги следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да применува ИКТ во функција на предметот.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *македонски јазик* за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

Скопје 23. 06. 2010

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 07-521/28
23. 06. 2010 год.
СКОПЈЕ